ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Град Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметка на расходи на буџет на дотации (937) за 2021 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- во годишните програми не се планираат превземените обврски од претходна година;
- неправилности во спроведувањето на јавните набавки

**Издадено мислење*:**
Изразивме позитивно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, сметка на расходи на буџет на дотации (937) за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
- планирање на преземените обврски од претходна година и исплата на средства по програми за буџетската година за која се предвидени;
- спроведување на постапките за набавка на добра, услуги или работи, на начин кој ќе обезбедат конкуренција помеѓу економските оператори и рационално користење на буџетските средства.

**Клучни системски слабости**:
- недостиг на професионални пожарникари во ТППЕ од утврдениот законски минимум;
- недоволно јасно и прецизно регулирање на наплатата на другите приходи наменети за финансирање на ТППЕ;
- наменските дотации кои ги добива општината се недоволни за финансирање на платите на професионалните пожарникари, а отсуството на прецизни законски одредби во дефинирање на висината на платата, создаваат тешкотии за нивна примена.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Од страна на секретарот на Град Скопје добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.17-49/4 од 17.02.2022 година

**Одговор на добиени забелешки**:
Забелешките се разгледани и не се прифатени од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на констатациите на извештајот.

* **позитивно, со резерва, неповолно, воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018